ГРАД СКОПЈЕ - QYTETI I SHKUPIT
Бр. Nr. 08-8442/2
13 01 2026 20
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа член 42, 42-а и член 54 од Законот за установите („Службен весник на Република Македонија" бр.32/05,120/05,51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 99/22) и член 3 од Одлуката за утврдување начин и постапка за именување на членови на органите на управување и надзор на јавните установи чиј основач е Град Скопје („Службен гласник на Град Скопје" број 18/22) Град Скопје објавува:

**ЈАВЕН ПОВИК бр.01**
**за пријавување на заинтересирани лица за избор на членови на органот на управување**
**и членови на органот за надзор на**
**јавните установи основани од Град Скопје**

1) Се распишува јавен повик за пријавување на заинтересирани лица за избор на членови на органот на управување и органот за надзор во јавните установи основани од Град Скопје, на веб страната на Град Скопје www.skopje.gov.mk и на веб страните на јавните установи и тоа:

1. ЈУ Дом на култура Кочо Рацин - Скопје, на веб страната http://www.dk-kocoracin.org.mk/

2. ЈУ Културно Информативен Центар – Скопје, на веб страната www.kic.mk

3. ЈУ Градска библиотека „Браќа Миладиновци" - Скопје на веб страната http://gbsk.mk

4. ЈУ Зоолошка градина на Град Скопје, Скопје, на веб страната zooskopje.com.mk

5. ЈУ Музеј на град Скопје, на веб страната www.museumskopje.mk

6. ЈУ Универзална сала Скопје, на веб страната univerzalna.com.mk

7. ЈУ Детски културен центар - Карпош, на веб страната www.dkckarpos.org.mk

8. ЈУ Младински културен центар Скопје, на веб страната www.mkc.mk

2) Јавниот повик го спроведува Комисијата за верификација, мандатни прашања, признанија, преставки и поплаки на Советот на Град Скопје (во понатамошниот текст: Комисија).

3) Комисијата ги разгледува пристигнатите пријави со приложената документација, врши селекција и бодување на кандидатите.

4) За член на органот на управување на јавната установа, согласно член 42 став 4 од Законот за установите, може да биде избрано лице кое ги исполнува следните услови:

- е државјанин на Република Северна Македонија,

- има стекнато најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен образование во соодветната област и

- во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност.

Освен условите наведени во член 42 став 4 од Законот за установите, членовите на органот на управување во јавната установа, избрани од основачот треба да ги исполнуваат и условите наведени во став 5 од истиот член, односно треба да имаат и соодветно работно искуство и тоа:

- најмалку еден член на органот на управување треба да има најмалку пет години работно искуство од областа на дејноста на јавната установа, согласно со Националната класификација на дејностите, публикувана од страна на Државниот завод за статистика,

- најмалку еден член на органот на управување треба да има најмалку три години работно искуство од областа на финансиското работење и

- најмалку еден член на органот на управување треба да има најмалку три години работно искуство од областа на правните работи.

Времетраењето на мандатот на членовите на органот на управување изнесува четири години, со право на уште еден последователен мандат.

5) За член на органот за надзор , согласно член 54 став 5 од Законот за установите може да биде именувано лице кое ги исполнува следните услови:

- е државјанин на Република Северна Македонија,

- има стекнато најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен образование од областа на правните науки, економските науки или од областа на дејноста што ја врши јавната установа и

- во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност.

Освен условите од член 54 став 5 од Законот за установите, членовите во органот за надзор на јавните установи треба да ги исполнуваат и условите наведени во став 6 од истиот член односно треба да имаат и соодветно работно искуство и тоа:

- еден член треба да има најмалку пет години работно искуство од областа на финансиското работење,

- еден член треба да има најмалку пет години работно искуство од областа на правните работи и

- еден член треба да има најмалку пет години работно искуство од областа на дејноста на јавната установа, согласно со Националната класификација на дејностите, публикувана од страна на Државниот завод за статистика.

Времетраењето на мандатот на членовите во органот за надзор на јавната установа изнесува четири години, со право на уште еден последователен мандат.

6) Согласно законските прописи се избираат 3 члена на органот на управување и 3 члена во надзорен одбор за контрола на материјално финансиското работење.

7) На членовите на органот на управување/ органот за надзор им се исплаќа месечен надоместок за учество во работата на одборот во износ утврден со одлука на Советот на Град Скопје.

8) Со пријавата (образец кој е во прилог на овој Јавен повик) заинтересираните кандидати задолжително треба да ја достават следната документација:

- образец за пријавување (Образецот за пријавување на јавен повик е составен дел на овој Јавен повик);

- кратка биографија;

-уверение за државјанство;

- уверение или диплома за завршено високо образование и стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен образование, соодветно за местото за кое се пријавува,

- потврда дека со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност;

- потврда за евидентиран стаж од Фондот на пензиско и инвалидско осигурување на Република Северна Македонија

- сертификати, лиценци, уверенија, дипломи издадени од овластени, односно акредитирани институции за нивно издавање согласно закон за бараната позиција.

Документацијата од точка 6 треба да биде поднесена во оригинал или копија заверена на нотар, во затворен плик без назначување на субјектот кој ја поднесува пријавата, до архивата на Град Скопје, бул.„Илинден“ бр.82, со назнака: „До Комисија за верификација, мандатни прашања, признанија, преставки и поплаки на Советот на Град Скопје- За Јавен повик за пријавување на заинтересирани лица за избор на член на органот на управување/органот за надзор за контрола на материјално - финансиското работење со назнака за позицијата за која се аплицира и јавната установа за која се аплицира“.

9) Постапката за селекција на членовите на органот на управување/органот за надзор на Јавната установа се состои од две фази и тоа:

- **ФАЗА 1 проверка** (се проверува дали кандидатите кои се пријавиле на јавниот повик ги исполнуваат условите од јавниот повик).
Пријавите на кандидатите кои немаат приложено соодветни докази дека ги исполнуваат бараните услови нема да се разгледуваат за што се известува подносителот на пријавата.

Селекцијата се спроведува во рок од 8 дена по завршувањето на јавниот повик.

Во фазата административна селекција, стекнато образование на кандидатите се бодува на начин што кандидатот кој има најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен образование добива 10 бода, а кандидатот кој има 300 кредити според ЕКТС или завршен VII/2 степен образование добива 15 бода.

Бодовите за работно искуство на кандидатите за членови на органот на управување / органот за надзор се добиваат на следниот начин:

-ако кандидатот има најмалку пет години работно искуство = 5 бода;
-ако кандидатот има најмалку 10 години работно искуство = 10 бода;
-ако кандидатот има над 20 години работно искуство = 15 бода;
-ако кандидатот има најмалку пет години работно искуство од областа на финансиското работење = 5 бода;
-ако кандидатот има најмалку 10 години работно искуство од областа на финансиското работење = 10 бода;
-ако кандидатот има над 20 години работно искуство од областа на финансиското работење = 15 бода;
-ако кандидатот има најмалку пет години работно искуство од областа на правните работи = 5 бода;
-ако кандидатот има најмалку 10 години работно искуство од областа на правните работи = 10 бода;
-ако кандидатот има над 20 години работно искуство од областа на правните работи = 15 бода.

Вкупниот број на бодови во фазата административна селекција за секој пријавен кандидат се пресметува како збир од бодовите за стекнато образование и работно искуство.

Секој поединечен доказ (сертификат, лиценца, уверение, диплома издадени од овластени, односно акредитирани институции за нивно издавање согласно закон), од областа за која треба да бидат членовите на органот на управување/органот за надзор се бодува со по 2 дополнителни бода, а најмногу до 10 бода.

За извршената административна селекција се составува записник и нацрт-листа од кандидатите кои продолжуваат во наредната фаза од постапката на селекција.

- **ФАЗА 2 интервју** (се проверуваат стручните знаења на кандидатите и поседувањето на општите и посебните компетенции за конкретната позиција). На

интервјуто преку прашања се проверува интересот на кандидатот, неговото претходно работно искуство, очекувањата на кандидатот и слично.

Точниот датум, време и место на оддржување на интервјуто ќе бидат објавени на веб страната на Град Скопје: www.skopje.gov.mk

Комисијата најдоцна во рок од 8 дена по завршувањето на селекцијата врши бодување на пријавените кандидати.

Во фазата интервју бодувањето се врши на следниот начин:

-секое ситуационо прашање со кое се проверуваат општите работни компетенции за член на соодветниот орган на јавното претпријатие (решавање проблеми и одлучување, учење и развој, комуникација, остварување резултати, работење со други/тимска работа, стратешка свест, ориентираност кон странките/засегнати страни, раководење и финансиско управување) се бодува со по 5 бода, а најмногу можат да се добијат 30 бодови;

-стручните прашања или практичните задачи со кои се проверуваат посебните работни компетенции се бодуваат со најмногу 30 бодови.

Комисијата ќе ги бодува поединечно сите кандидати пријавени на јавниот повик.

За спроведеното интервју, Комисијата пополнува формулар во кој ги внесува бодовите на кандидатите и истиот се потпишува од страна на Комисијата.
Бројот на добиени бодови за секој кандидат поединечно се добива од просекот на доделени бодови од сите членови на Комисијата.

11) Рок за пријавување на заинтересираните кандидати е 15 дена, сметано од денот на објавување на јавниот повик.

12) Кандидатите кои аплицираат за членови на повеќе органи на управување/ органи за надзор, потребно е да поднесат поединечно пополнета пријава за секоја позиција за која аплицираат.

13) Неуредните пријави што не се доставени на начин како што се бара во јавниот повик, односно содржат нецелосни податоци и некомплетна документација, како и тие што нема да бидат доставени во наведениот рок, нема да се разгледуваат.

Прашања за појаснување на јавниот повик лицата заинтересирани за аплицирање може да поставуваат до Сектор за поддршка на Советот на Град Скопје.

Контакт тел: (02)3297-242 и (02)3297-358 и е-маил адреса: Ljubica.Hadzi.Panzova @skopje.gov.mk

**ГРАД СКОПЈЕ**

Образец за пријавување на јавен повик за заинтересирани лица за избор на член на управен/надзорен одбор на јавна установа

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Назив и седиште на јавна установа | |
| 2. | Име и презиме | |
| 3. | Место на живеење (улица и број) | |
| 4. | Телефон за контакт | |
| 5. | Е-маил/e-mail | |
| 6. | Кратка биографија | |
| 7. | Уверение за државјанство | |
| 8. | Уверение или диплома за завршено високо образование | |
| 9 | Доказ за соодветно работно искуство наведено во јавниот повик (потврда од ФПИОСМ за евидентиран стаж) | |
| 10. | Сертификати, лиценци, уверенија, дипломи издадени од овластени, односно акредитирани институции за нивно издавање согласно закон | |
| 12. | Потврда дека со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност | |

Датум　　　　　　　　　　　　　　　　　　　Потпис на подносителот

____________________　　　　　　　　　　___________________________

| Пополнува примачот на пријавата | |
|---|---|
| Архивски број на пријавата | |
| Датум на прием на пријавата<br><br>______________________година | Потпис и печат<br><br>________________________ |